**20181392685**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 21/18 , 29/18, 85/18 и 117/18) во членот 2 став (2) во табелата во подмерката 1.1 алинејата 5 се менува и гласи:

„- Висината на поддршката од алинеите 3 и 4 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавената површина и тоа: од 0,3 ха до 20 ха 100%, од 20 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 20% збирно за сите култури.“

По подмерката 1.19. се додава нова подмерка 1.20. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.20. | Директни плаќања за откупена пченица од род 2018 година од домашно производство | - Корисници на оваа подмерка се правни лица откупувачи на пченица запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои извршиле откуп и исплата на пченица од род 2018 година од домашно производство врз основа на договор за откуп склучен со земјоделски стопанства согласно член 32 од Законот за земјоделство и рурален развој;<br>- Финансиската поддршка се исплаќа за количините кои се откупени најдоцна до 15 септември 2018 година и за истите исплатата да е извршена најдоцна до 15 декември 2018 година;<br>- Висината на директните плаќања изнесува 1,00 денар по килограм. |

“.

Член 2

Во членот 4 во точката 3 зборовите: „1.7. и 1.10.“ се заменуваат со зборовите: „1.7., 1.10. и 1.20. “.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-7001/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.